Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија
тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04-1670/13
од 06-05-2025 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 10 и член 45 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за невршење на избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр.83/2025

1.По објавениот Јавен оглас 83/2025 објавен на ден 28.03.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха за потреба од вработување на административен службеник – 1 извршител во Општина Кисела Вода на работно место УПР 01 01 В01 000-советник за развој на спортот во одделение за спорт, Сектор за образование предучилишно воспитување, спорт и култура **не се врши избор на кандидат поради немање кандидат кој се квалификувал за вработување.**

2.Одлуката се објавува на интернет страната и на огласна табла на Агенција на администрација.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

***Образложение***

Во врска со Јавен оглас бр.83/2025, објавен на ден 28.03.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха за потреба од вработување на административни службеници – 1 извршител во Општина Кисела Вода за работно советник за развој на спортот во одделение за спорт, Сектор за образование предучилишно воспитување, спорт и култура преку спроведување на постапка за вработување, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение од Агенцијата за администрација бр.10-568/4 од 14.04.2025 година и наш арх.бр.04-1670/8 од 14.04.2025 година, спроведе постапка за административна селекција за административен службеник со Записник бр.10-568/4 од 14.4.2025 година и наш арх.бр.04-1670/8 од 14.04.2025 година, Испит за административен службеник со Записник бр.10-568/5 од 28.04.2025 година и наш.арх.бр.04-1670/10 од 28.04.2025 година, како и Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-568/6 од 30.04.2025 година и наш арх.бр.04-1670/11 од 30.04.2025 година.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција како и врз основа на Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас бр.83/2025, со бр.10-568/7 од 30.04.2025 година и наш арх.бр.04-1670/12 од 02.05.2025 година, со кое е констатирано дека нема кандидат кој се квалификувал за вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страната и на огласна табла на Агенцијата за администрација.

**Изработил**
Милена Ѓорѓиевска
**Контролирал/ одобрил**
Николче Ѓроздановски
**Согласен,**
**Секретар**
**Мирко Ивановски**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**на Општина Кисела Вода**
**Орце Ѓорѓиевски**

Доставено до:
- Именуваниот
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- Агенција за администрација
- Архива